Врз основа на член 16 став 4 од од Законот за лобирање (Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 122/2021), Државната комисија за спречување на корупцијата, на 56 седница одржана на 10.12.2021 година го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА АКТИВНОСТИ НА ЛОБИРАЊЕ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот за Извештајот за активности на лобирање.

**Член 2**

Извештајот за активностите на лобирање ги содржи следните податоци:

а) податоци за идентитетот на лобистот односно лоби организацијата и претставниците на лоби организацијата кои лобирале во нејзино име:

- име, презиме, матичен број, државјанство, адреса на живеалиште, број и датум на решението за запишување во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање за лобистот и претставникот на лоби организацијата,
- назив, матичен број и адреса на седиштето на лоби организацијата;

б) податоци за идентитетот на нарачателите на лобирање:

- име и презиме, матичен број, државјанство, адреса на живеалиште за физичко лице;
- назив, матичен број на правното лице и адреса на седиштето за правно лице;

в) податоци за област и предмет на лобирањето во име на секој од нарачателите на лобирањето;

г) податоци за органите кај кои е лобирано и податоци за сите лица кај кои е лобирано:

- име и адреса за орган кај кој е лобирано;
- име и презиме, функција или работно место за лицето кај кое е лобирано;

д) кои дејствија за лобирање биле преземени;

ѓ) податоци за висината на исплатите за секоја работа добиена од нарачател во чие име е лобирано и

е) податоци за вредноста на целокупниот договор на услуги и процентот на време поминат за лобирање во однос на останатите услуги од тој договор, доколку лобирањето е дел од договор за општи услуги кој подразбира и други активности, а вредноста на лобирањето не може да се одреди.

Извештајот од став 1 на овој член е во електронска форма и лобистот, односно лоби организацијата го потпишува истиот со електронски потпис.

**Член 3**

Формата и содржината на образецот за Извештајот за активности на лобирање е даден во прилог на овој правилник и е составен дел од истиот.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се отпочне да се применува од денот на отпочнување на примената на Законот за лобирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/2021).

бр. 02-6448/4
10.12.2021 година
Скопје

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА
СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Билјана Ивановска, претседател

**ПРИЛОГ**

Согласно член 16 став 1 од Законот за лобирање („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 122/2021), до Државната комсија за спречување на корупцијата го доставувам следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА АКТИВНОСТИ НА ЛОБИРАЊЕ**

**Извештајот за активности на лобирање го поднесувам за __________ година како**

| ЛОБИСТ | ЛОБИ ОРГАНИЗАЦИЈА |
|---|---|
| ☐ | ☐ |

**Напомена: Во полето со знак X означете во кое својство ја поднесувате пријавата**

## 1. ПОДАТОЦИ ЗА ИДЕНТИТЕТОТ НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ИЗВЕШТАЈОТ

### 1.1 ЛОБИСТ

| | |
|---|---|
| име и презиме | |
| матичен број | |
| државјанство | |
| адреса на живеалиште/престојувалиште (улица, број, град, поштенски код) | |
| Решение на Државната комисија за спречување на корупцијата за запишување во Регистарот: број/датум | |

### 1.2 ЛОБИ ОРГАНИЗАЦИЈА

| | |
|---|---|
| назив | |
| матичен број на субјектот | |
| адреса на вистинското седиште (улица, број, град, поштенски код) | |
| Решение на Државната комисија за спречување на корупцијата за запишување во Регистарот: број/датум | |

### 1.2.1 ПРЕТСТАВНИЦИ НА ЛОБИ ОРГАНИЗАЦИЈАТА

| | |
|---|---|
| име и презиме | |
| матичен број | |
| државјанство | |
| адреса на живеалиште/престојувалиште (улица, број, град, поштенски код) | |

**Напомена: Оваа табела се пополнува поединечно за секој претставник на лоби организацијата**